HYUNDAI

# Потполно новиот TUCSON






# Револуција во еволуцијата на дизајнот.



Добредојдовте во револуцијата. Потполно новиот Tucson не е едноставна еволуција на својот предходник, туку потполна револуција на дизајнот. И дури напредува во прогресивниот дизајн, тој исто така има најсовремена паметна технологија, како кај најдобрите безбедносни функции во класата, напредни системи за помош на возачот и линија електрични погонски системи во својот сегмент.




# Нов изглед за нови времиња.

Префинетиот и прогресивен дизајн на потполно новиот Tucson е револуционерен. Динамични геометриски облици, остри агли и први во светот Параметриски скриени светла се комбинација која го прави моќен и единствен на патот. Благодарение на врвната технологија на светлата како полу-посребрени огледала, Параметриските скриени светла се скриени кога се исклучени, а кога ќе се вклучат надворешниот страничен дел од решетката на ладилникот се трансформира во идеални форми на крилја, создавајќи високотехнолошки стил на осветлување. Кога ке се згаснат, повторно се соединуваат со решетката.



# Носи Спортка Сензуалност во SUV светот.




Извајани површини и динамични линии на потполно новиот Tucson го ставаат на прво место во SUV дизајн, подигајќи ја модерната естетика на следно ниво. Со поголема и поширока каросерија, тој е прв SUV на компанијата Hyundai кој е развиен во склад со дизајнерската филозофија на Спортска Сензуалност. Неговиот спортски став искомбиниран со остри агли и динамични пропорции на богати површини, создава прогресивен изглед, кој не го намалува робусното SUV наследство на Tucson. И можете да му дадете личен печат со избор помеѓу 9 динамични бои и двобојна опција со кров во Phantom Black или Dark Knight боја.


1:05 PM
Thu, 01.10
Hybrid
Map
Navigation
Phone
Phone projection
Voice memo
Climate
Valet mode
Quiet mode
Blue Link
Hyundai LIVE
Settings
VOL −
VOL +
MAP
NAV
<SEEK
TRACK>
RADIO
MEDIA
SETUP
AUTO
SYNC
21.0
23.0
DIFFUSE
REAR



# Широко отворени простори за вашето дигитално патување.

Во внатрешноста ќе осетите отвореност и удобност која ги надминува вашите очекувања. Овде просторот, технологијата и информациите хармонично се вкрстуваат, поставувајќи нови стандарди во сегментот со својот импресивен асортиман на напредна паметна технологија. 10.25“ дигитална инструмент табла е главен дизајнерски новитет кој го подобрува високотехнолошкиот изглед на кабината, заедно со 10.25“ екран осетлив на допир, кој неприметно се влева во конзолата потполно осетлива на допир. Лебдечките линии на контролната табла беспрекорно се спојуваат со вратите, обвиткувајќи ги патниците на предните седишта како широка, отворена тврдина. Сите контроли на навигацијата, на инфотејтмент системот и климатизацијата сега се активираат на допир, што создава префинет, беспрекорен изглед кој го нагласува стилизираниот и отворен ентериер.

# Зачекорете во новото ниво на простораност.



Сега е подолг и поширок благодарејќи на својата нова платформа. Пространиот ентериер сега не е само подобар, туку е и поголем. Доживејте пространост во широкиот отворен ентериер со новото ниво на удобност кое тешко се наоѓа во автомобилите од овој сегмент. Кабинскиот простор во вториот ред е меѓу најголемите во класата за двата модели, во оној со мотор со внатрешно согорување и во хибридот, благодарејќи на паметната положба под задните седишта. Попросторен од било кога, потполно новиот Tucson пружа повеќе патнички простор, без обѕир каде сте тргнале.



# Флексибилен за сите животни авантури.

Животот е патување. Некогаш е стигањето до целта пола забава, особено во простран и сестран SUV каков што е новиот Tucson. Било да тргате во соло авантура или одите на викенд со фамилијата, ќе уживате во  исключителната сестраност со паметните функции, како што е рачката за далечинско преклопување на седиштата како би добиле рамен багажен простор од 1799 литри. За унапредени погодности и разноликост, задните седишта можат да се преклопат во однос 40:20:40, што е идеално за превоз на габаритни предмети или спортска опрема. Запремината на багажникот е исто така зголемена и нуди до вкупно 620 литри багажен простор  со подигнати седишта, во зависност од избраната опрема и погонскиот систем.








# Вашето дигитално патување почнува овде.

Потполно новиот Tucson е подобрен со најсовремена паметна технологија, за да секое патување биде побезбедно и попријатно. Пред да тргнете на вашето патување, може да го проветите вашиот распоред со помош на 10.25" екран осетлив на допир за да  го потврдите состанокот и да го ставите вашиот телефон на подлогата за безжично полнење со голема брзина. И благодарејќи на Apple CarPlayTM и Android AutoTM можете вашиот паметен телефон да го поврзете за проекција на вашите омилени апликации и функции од телефонот на големиот екран од 10.25". 8" дисплеј на Аудио системот го карактеризира Безжичниот Apple CarPlayTM и Android AutoTM така да можете да го следите својот паметен телефон без вклучување. Можете да го користите гласовното управување на повици, праќање и примање на пораки и да слушате музика на KRELL премиум систем за озвучување.




Подлога за безжично полнење.



KRELL врвен систем за озвучување.

# Ги издвојуваме следните удобности.

Сестран и удобен потполно новиот Tucson има многу погодни функции. За да влегувањето или излегувањето од задното седиште од совозачката страна биде полесно, паметниот уред Walk-in му дозволува на возачот да го помести и собори совозачкото седиште со допир на копче. Паметниот елекричен багажник автоматски се отвара кога е во близина паметниот клуч по 3 секунди, што е практично кога рацете ви се полни кога се враќате од пазарење. Уште подобра работа е што можете да ја подесите висината на подигањето на вратата на багажникот онака како што вам ви одговара. Во текот на патувањето, на вашите патници ќе им се допадне греење на предните и задните седишта, како и Multi Air Mode со индиректни отвори за воздух за попријатно опкружување. Трозонската контола на климатизацијата ви дозволува да подесите различни температурни зони за возачот, за совозачот и за патниците на задните седишта. И кога ќе стигнете на вашата дестинација функицијата Далечинска помош при паметното паркирање како дигитален стручњак за паркирање, далечински самостојно оди во рикверц и напред на паркинг местото само со притискање на копче.



Multi Air Mode со индиректни отвори за воздух.



Уред за влегување.





Паметен електричен багажник.



Далечинска помош за паметно паркирање.




## Повеќе избор. Повеќе електрична енергија.

# Поголема ефикасност.

Ви нудиме голем избор на опции. Развиен да ја намали емисијата и воедно да пружи забавно возење, потполно новиот Tucson нуди најширок опсег на електрични погонски системи во сегментот на компактни SUV возила. Можете да бирате помеѓу бензиските и дизелските 48-волтни благи хибриди или потполн хибрид. Конвенциоланите бензиски и дизел опции се исто така достапни.

Мотор Батерија

## 48-волтен благ хибрид

Генератотот на стартерот на 48-волтниот благ хибрид (MHSG) нагло го намалува оптеретувањето на моторот и пружа помазно и побрзо задвижување, унапредена ефикасност во потрошувачката на горивото и намалена емисија на CO2. Технологијата на благиот хибрид е достапна со 1.6 T-GDi бензиски мотор со 150 или 180KS, како и со 1.6 литарски CRDi дизел мотор со 136KS.

Мотор E-Мотор Батерија

## Хибрид

Потполно новиот Tucson го задвижува новиот 1.6-литарски T-GDI Smartstream бензиски мотор и 44.2 kW електромотор кој го покренува литијумско-јонската батерија од 1.49 kW. Овој систем е најсилен во линијата на погонските системи, со комбинација од излезна сила од 230KS и 350 Nm вртежен момент, што значи дека ќе уживате во забавното патување зад воланот и ќе се чуствувате добро поради пониската потрошувачка на горивото и намалената емисија.

Мотор

## Smartstream мотор

1.6-литарски T-GDI Smartstream бензиски мотор е достапен со 150 KS и опремен со единствената Hyundai технологија со Континуирано варијабално координирање на вентилите (CVVD), која ги оптимизира перфомансите на моторот и ефикасноста на потрошувачката на горивото, а истовремено е и еколошка. 1.6-литарскиот CRDi Smartstream дизел мотор е достапен со 115KS.

# Високоефикасен пренос на брзината на начин на кој вие сакате

Во зависност од погонскиот систем можете да изберете широк асортиман на менувачи со нежен пренос. 48-волтниот благ хибриден мотор е достапен со 6-степен Паметен рачен менувач, кој што електронски го одвојува моторот од менувачот по отпуштање на гасот како би се зголемила ефикасноста во потрошувачката на горивото. Возилото потоа влегува во coasting режим за да се заштеди горивото. Двата 48-волтни благи хибридни мотори, и дизелскиот и бензискиот, се исто така достапни со 7-степен менувач со дупла спојка, кој е комбинација на ефикасност во потрошувачката на гориво и забавно возење како рачен менувач со конвенционален

автоматски пренос.

Хибридот е опремен со 6-степен автоматски менувач, од типот shift-by-wire кој стандардно се управува на копче. Можете да префрлите помеѓу положбата возење, неутрал, рикверц и паркирање едноставно користејќи копче кое традиционално се наоѓа во централната конзола. Shift-by-wire е исто така достапен како опција со 7-степен менувач со дупла спојка со 48V погонски системи. Конвеционалните бензиски и дизел мотори се опремени со 6-степен рачен менувач.



Менувач shift-by-wire тип на копче.



6-степен Паметен рачен менувач.



# Избор на режим на возење.

Префрлете во режим на возење да одговара на условите, а и на вашето расположение. Со притискање на копчето можете моментално да ја прилагодите динамиката на возење и да го осетите вашиот потполно нов Tucson. Боите на целосно дигиталната 10.25“ отворена инструмент табла се менуваат во зависност од избраниот режим на возење. Изберете Sport режим за подобри перфоманси со модифициран одговор на гасот, точки на пренсо и управувачки напор. Eco режимот пружа максимална ефикасност на потрошувачката на гориво  со модифицирано забрзување, на точките на преносот и перфомансите на климатизацијата. Изберете Normal режим за регуларни перфоманси со добра ефикасност. Ако изберете хибриден погонски систем, Eco и Sport режимите се достапни исто така. Кога возилото е опционо опремено со Електронски управувано ослонување, режимот на возење исто така влијае на силата на пригушување на секое тркало поединечно како би се подобрило возењето и управувањето.



Normal режим.



Eco/Sport режим и Коцкаст кориснички интерфејс.




# Електрична ефикасност. Потполно новиот Tucson Хибрид.

Потполно новиот Tucson користи електрична енергија за да ви помогне да отидете подалеку со литар бензин. И сето тоа без потреба да ја полните батеријата или да ги смените возачките навики. Автомобилот е опремен и со бензиски мотор и со електромотор, подигајќи ја така одличната ефикасност на потрошувачката на следно ниво. Двата мотора работат заедно со подршка на моќната литијум-јонска полимерна батерија како би пружиле одлична заштеда во потрошувачката на гориво и намалена емисија. Зависно од ситуацијата во возењето, хибридниот управувачки систем неприметно го префрла работењето од конвенционалниот мотор на електромотор, а понекогаш ги користи и двата истовремено. Како дел од Системот на регенеративното кочење, електомоторот исто така помага автомобилот да успори, полнејќи ја батеријата така да вие тоа не мора да го правите. Енергијата сочувана во батеријата тогаш го снабдува електромоторот како би помогнал во забрзувањето во возењето при нагорнина и при споро возење, што ја зголемува ефикасноста во потрошувачката на гориво намалувајќи ја потребната работа на бензискиот мотор.



# Спремен на се.

Уживајте во довербата и можноста да се соочите со најпредизвикувачките услови на возење. Достапен со Теренски режим, Електронско управување на ослонување и личен печат на Hyundai погонот на четири тркала системот HTRAC, потполно новиот Tucson има особини на сериозно SUV возило со можност на погон 4X4 кој ќе ве движи без оглед на се.



Електронско управување на ослонување.

Со новата опција ECS функција ќе уживате во нежно и удобно возење и прецизно ракување. Со контрола на силата на пригушување на секое поединечно тркало, ECS го намалува пролизгувањето, поместувањето во висина и вертикалното движење за да се подобри возењето и управувањето.

HTRAC Погон на сите тркала

Како се влошуваат временските услови, HTRAC и понатаму ве држи во движење. Двигателот на овој погонски систем на сите тркала е напреден електонски контролор кој непрекинато ја анализира вашата брзина и условите на патот. Тој автоматски ја оптимизира дистрибуцијата на вртежниот момент помеѓу четирите тркала и ако е потребно ќе ги примени кочниците за да се осигура максималната тракција и дирекциона стабилност кога движењето ќе стане тешко.




Теренски режим

Снег? Песок? Кал? Нема проблем. Навигациското тркалце ви дозволува брзо да го префрлите режимот на возење за да постигнете оптимални перфоманси на возење, сила и испорака на обртниот момент за максималан тракција и контрола кога движењето станува грубо. Достапен е само со Хибрид кој што има погон на 4 тркала и автоматки менувач.









Камера 360о за приказ на просторот околу возилото.

Уживајте во видливоста од 360о за полесно и побезбедно паркирање. Четири камери со висока дефиниција монтирани напред, старнично и на задниот дел на возилото го прикажуваат опкружувањето во реално време.



# Внимава на вашата безбедност.




Камера за мртов агол (BVM)

Незгодното менување на ленти ќе го направи полесно и побезбедно. Сега можете да ја видите задната лева и задната десна страна на екранот на дигиталната инструмент табла. Камерата ќе се активира со вклучувањето на индикаторот за  вртење.







Предупредување за патниците на задните седишта (ROA)

Ултразвучните сензори ги детектираат движењата на патниците, овозможувајќи му на возачот да биде известен ако деца или домашни миленичиња случајно останат во автомобилот.

Предупредување за будност на возачот (DAW)

Кога ќе се забележат знаци на умор или деконцентрација, системот ви обрнува внимание со предупредување и со порака предлагајќи ви пауза.

# Hyundai SmartSense

Уживајте уште повеќе во спокојното возење со напредните системи за помош на возачот кои што се најдобри во класата и на нашиот Hyundai SmartSense пакет за активна безбедност со широк распон на иновативни функции. Од автоматско кочење за избегнување на судари и задржување во лента, до детектирање на возило во вашиот мртов агол, потполно новиот Tucsoon може да ве предупреди на потенцијалните опасности околу вас додека возите.





**Помош во избегнување на фронтален судар (FCA со функција скршнување на раскрсница)**
FCA системот ве предупредува и автоматски кочи кога детектира автоматско кочење на возилото напред или кога детектира пешак или велосипедист на вашиот пат и на ризици од судир со возила што ви доаѓаат во пресрет кога вртите лево на раскрсници.

**Помош во возење на авто-пат (HDA)**
Користи Паметен темпомат кој се заснова на навигација и навигациони податоци, коко и помош во следење на лентата, за да ве задржи во средината на лентата и на безбедна одалеченост од возилата напред и се грижи да возите согласно ограничувањата на брзината.





**Кривини на паметниот темпомат засновани на навигација (NSCC-C)**
Го користи најсовремениот навигациски систем за да предвиди предстоечки кривини или прави секции на авто-пат и автоматски да ја прилагоди брзината за безбедно возење.

**Паметен темпомат (SCC со функција Stop & Go)**
Поголема безбедност и помалку стрес. Го одржува растојанието од возилото напред, автоматски ја намалува или зголемува брзината на предходно подесеното ограничување. Во "застани-тргни" сообраќајни услови подесеното растојание се одржува.





**Помош во следење на лентата (LFA)**
Ве држи побезбеден и во средина на лентата. Кога се активира, LFA го оддржува возилото во средина на лентата при брзина од 0 до 180 km/h на авто-пат или на градските улици.

**Помош во избегнување на судир при вкрстен сообраќај позади возилото (RCCA)**
Кога возите во рикверц во подрачје со слаба видливост, системот не само што го предупредува возачот ако ви се доближува возило туку и автоматски го применува кочењето.







**Помош во избегнување на судир во мртов агол (BCA)**
Со помош на радарски сензори во долниот дел на задниот браник и предната камера системот ве предупредува на сообраќајот во подрачјето на мртвиот агол. Ако го вклучите индикаторот за вртење во таква ситуација, ќе се огласи звучно предупредување и системот ќе закочи за да се спречи сударот.

**Помош во избегнување на судир при вкрстен сообраќај позади возилото (RCCA)**
Кога возите во рикверц во подрачје со слаба видливост, системот не само што го предупредува возачот ако ви се доближува возило туку и автоматски го применува кочењето.






**Помош во паметното ограничување на брзината (ISLA)**
Ве предупредува со звучно и визуелно предупредување кога го пречекорувате ограничувањето на брзината. Покрај тоа, ве подсетува да ја смените подесената брзина Помош во рачно ограничување на брзината или Паметен темпомат за да останете во рамките на ограничената брзина.

**Предупредување при поаѓање на возилото напред (LVDA)**
Паметната функција за градско возење го предупредува возачот кога возилото напред ќе тргне од состојба на мирување, како на семафор или во сообраќаен метеж.





**Предупредување при безбедно излегување (SEW)**
Паметната функција ви помага да избегнете незгода при детектирање на возило кое ви се доближува од позади и со прикажување на предупредување на инструмент таблата и надворешните ретровизори, како и со огласување на звучното предупредување.

**Помош за соборување на долгите светла (HBA)**
Помалку стрес и максимална видливост. HBA не само што детектира возила кои што ви доаѓаат во пресрет, туку и возила во иста лента напред и по потреба ги префрла долгите светла во соборени.

# Изразете се.

На располагање ви се и три нови бои: Shimmering Silver, Amazon Grey i Teal, па сега можете да изберете помеѓу 9 бои на екстериерот.
На тоа, опционо двобојниот кров било во Phantom Black или Dark Knight боја ви дава поголема можност да го персонализирате својот потполно нов Tucson кој што на најдобар начин би одговарал на вашиот вкус.



Phantom Black (Pearl)

Опционо двобојниот кров е достапен во боја Dark Knight



Polar White (Solid)

Опционо двобојниот кров е достапен во боја Phantom Black



Shimmering Silver (Metallic)

Опционо двобојниот кров е достапен во боја Dark Knight



Dark Knight (Pearl)

Опционо двобојниот кров е достапен во боја Phantom Black



Teal (Pearl + Metallic)

Опционо двобојниот кров е достапен во боја Phantom Black



Amazon Grey (Metallic)

Опционо двобојниот кров е достапен во боја Phantom Black



Silky Bronze (Metallic)

Опционо двобојниот кров е достапен во боја Dark Knight



Engine Red (Solid)

Опционо двобојниот кров е достапен во боја Phantom Black



Sunset Red (Pearl + Metallic)

Опционо двобојниот кров е достапен во боја Phantom Black

# Бои на ентериерот


Црн еднобоен.


Obsidian црн еднобоен текстил.


Obsidian црна еднобојна кожа.


Сив двобоен.


Moss grey двобоен текстил.


Moss grey двобојна кожа.


Teal пакет.


Teal пакет текстил.


Teal пакет кожа.

# Тркала

Изберете од асортиманот на стилизирани тркала во распон од 17″ челично тркало со наплатка до 17″, 18″ и 19″ алу фелни.



19″ алу фелна



17″ аеродимачно тркало



18″ алу фелна



# Спецификации

| Тип | Hybrid | | | | | | | | Мотор со внатрешно согорување | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мотори/Перформанси | 1.6 T-GDI HEV / 230 PS | | 1.6 T-GDI 48V / 150 PS | | 1.6 T-GDI 48V / 180 PS | | 1.6 CRDi 48V / 136 PS | | 1.6 T-GDI / 150 PS | | 1.6 CRDi / 115 PS |
| 2WD/4WD Менувач | 2WD / 6AT | 4WD / 6AT | 2WD / 6iMT | 2WD / 7DCT | 2WD / 6iMT | 4WD / 7DCT | 2WD / 7DCT | 4WD / 7DCT | 2WD / 6MT | 4WD / 6MT | 2WD / 6MT |
| Стандард за емисии | EU E6D | | | | | | | | | | |
| Тип | 4 цилиндра во линија | | | | | | | | | | |
| Работна запремина на мотор (cm) | 1,598 | | | | | | | | | | |
| Висина x од (mm) | 75.6 x 89.0 | | 75.6 x 89.0 | | 75.6 x 89.0 | | 77.0 x 85.8 | | 75.6 x 89.0 | | 77.0 x 85.8 |
| Распон на компресија | 10.5 | | 10.5 | | 10.5 | | 15.9 | | 10.5 | | 15.9 |
| Максимална моќност (KS/kW) (за HEV: комбинирано) | 230 / 169.1 | | 150 / 110.3 | | 180 / 132.4 | | 136 / 100 | | 150 / 110.3 | | 115 / 85 |
| Максимален вртежен момент (Nm/број на вртежи во минута) (за HEV: комбинирано) | Engine: 264 / 1,500~4,500<br>Motor: 264 /~1.600 | | 250.1 / 1,500~4,000 | | 265 / 1,500~4,500 | | 320 / 2,000~2,250 | | 250.1 / 1,500~4,000 | | 280 / 1,500~2,750 |
| 0-100 km/h [s] (2WD / 4WD) | 8.0 | 8.3 | 10.3 | 9.6 | 9.4 | 9.0 | 11.4 | 11.6 | 10.3 | 10.6 | 12.1 |
| Максимална брзина [km/h] (2WD / 4WD) | 193 | | 189 | | 205 | 201 | 180 | | 189 | | 175 |
| **Систем на целосен хибрид** | | | | | | | | | | | |
| Тип на електромоторот | Синхрон мотор со постојан магнет | | -- | | -- | | -- | | -- | | -- |
| Максимална моќност на електромоторот(kW) | 44.2 | | -- | | -- | | -- | | -- | | -- |
| Максимален вртежен момент на електомоторот (Nm) | 264 | | -- | | -- | | -- | | -- | | -- |
| Тип на батерија | Литијум-јонска полимерна | | -- | | -- | | -- | | -- | | -- |
| Напон (V) | 270 | | -- | | -- | | -- | | -- | | -- |
| Капацитет на батеријата (kWh) | 1.49 | | -- | | -- | | -- | | -- | | -- |
| Положба на батеријата | Под вториот ред на седишта | | -- | | -- | | -- | | -- | | -- |
| **Шасија** | | | | | | | | | | | |
| Предно потпирање | Mcpherson Strut Type | | | | | | | | | | |
| Задно потпирање | Multi-Link Type | | | | | | | | | | |
| Тркала | 7.0Jx17″ alloy / 7.5Jx19″ alloy | | 7.0Jx17″ alloy / 7.5Jx18″ alloy / 7.5Jx19″ alloy | | | | | | | | |
| Гуми | 215/65R17 / 235/50R19 | | 215/65R17 / 235/55R18 / 235/50R19 | | | | | | | | |
| **Потрошувачка и емисија (висока-ниска)** | | | | | | | | | | | |
| Комбинирана потрошувачка на гориво NEDC 2.0 (l/100km)* | 4.9 - 4.8 | 5.6 - 5.4 | 5.9 - 5.7 | 5.7 - 5.5 | 5.8 - 5.6 | 6 - 5.6 | 4.4 - 4.3 | 4.7 - 4.5 | 6.3 - 6.1 | 6.4 - 6.2 | 4.8 - 4.4 |
| Комбинирана потрошувачка на гориво WLTP (l/100km)** | 5.9 - 5.5 | 6.6 - 6.2 | 6.8 - 6.5 | 6.6 - 6.3 | 6.7 - 6.4 | 7.1 - 6.9 | 5.6 - 5.2 | 6 - 5.68 | 7.0 - 6.6 | 7.8 - 7.3 | 5.6 - 5.2 |
| CO2 емисија комбинирана NEDC 2.0(g/km)* | 112 - 109 | 127 - 124 | 136 - 131 | 130 - 125 | 133 - 127 | 137 - 129 | 117 - 112 | 124 - 119 | 144 - 139 | 146 - 141 | 127 - 115 |
| CO2 емисија комбинирана WLTP (l/100km)** | 135 - 125 | 149 - 140 | 153.8 - 146.8 | 149.81 - 142.8 | 152.2 - 145.3 | 162.3 - 155.6 | 145.8 - 136.9 | 157.8 - 148.7 | 158.8 - 149.8 | 177.7 - 164.7 | 145.8 - 136.5 |



Вкупна ширина 1,865
Меѓуоскино растојание 1,604



Вкупна висина 1,650

Вкупна должина 4,500
Меѓуоскино растојание 2,680



Растојание помеѓу тркалата 1,615




# Почуствувајте го за да му верувате.

Префинет и прогресивен потполно новиот Tucson го отфрла вообичаеното и ги поместува границите на сегменот за да одново се открие баш се. Однадвор, неговите извајани површини и динамични линии се дизајнирани да импресионираат, додека внатре ќе открите ниво на просторност, удобност и сестраност која ги надминува сите очекувања. Дојдете кај локалниот Hyundai дилер и лично уверете се во тоа. Морате да го почустуватеза да му верувате.

МИ-ДА ГРАНД МОТОРС

Адреса: Босна и Херцеговина бр. 1, Скопје
1000, Северна Македонија

Телефон: +389 2 307 3103

e-mail: contact@hyundai-mk.mk

**Hyundai Motor Company**
http://worldwide.hyundai.com
EU. LHD 0712 ENG. WD
Copyright © 2020 Hyundai Motor Company. All Rights Reserved.